# Годишен извештај за спроведени активности, 2018

## Центар за климатски промени

Гевгелија, Јануари 2019

www.ckp.org.mk

CENTER FOR CLIMATE CHANGE - ЦЕНТАР ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ -

# Содржина

1. Проект „Заеднички за подобра животна средина во Општина Карпош“ ............. 3
2. Проект: „Зголемување на иновативниот бизнис поврзан со море, животна средина и земјоделство и ИТ“– IBiSEAit ........ 4
3. Проект: "Развивање и имплементација на здравствен индекс во прекуграничниот регион“ ........ 5

**Центар за климатски промени-Скопје**
Козле-2 бр. 18 Скопје
Република Македонија
ckp.skopje@gmail.com

**Центар за климатски промени-Гевгелија**
Гоце Делчев бр. 74 – Гевгелија
Република Македонија
ckp.gevgelija@gmail.com

**Центар за климатски промени-Охрид**
Димитар Влахов бр. 14/12 – Охрид
Република Македонија
ckp.ohrid@gmail.com

Здружение на граѓани „Центар за климатски промени“-Гевгелија чија главна цел е заштитата на животната средина и ублажување и адаптација кон климатските промени се залага за активно и транспарентно спроведување на своите активности, па во таа насока подготвува и годишни извештаи за спроведените активности.

## Мисија

Мисијата на ЦКП е да ја штити животната средина и да имплементира активности за борба со климатските промени, со цел подобрување на животната средина. Главните цели на Центарот за климатски промени се:

- Поддршка на индустријата со цел подобрување на нивните енергетски перформанси и перформансите во животната средина
- Подигнување на јавната свест за климатските промени и можностите кои произлегуваат од Механизмот за чист развој (МЧЈ)
- Предложување на мерки за подобрување и промена на законската рамка на полето на енергетиката, климатските промени и животната средина
- Зајакнување на капацитетите на локалната и централната власт како и капацитетите на индустријата со цел развој на проекти за климатски промени и подобрување на перформансите во животната средина.
- Промовирање и поддршка на владеење со животната средина, енергија и управување со животната средина

## Визија

Визијата на Центарот за климатски промени е насочена кон намалување на јалеродниот диоксид и креирање на општество одговорно кон животната средина. Со цел да го постигнеме тоа, ЦКП ги насочува своите активности кон индустриска енергетска ефикасност, интегрирано спречување и контрола на загадувањето, управување со отпад, намалување и ублажување на климатските промени, управување со животна средина и енергетски менаџмент.

ЦКП е организација основана од луѓе кои имаат широко познавање за климатските промени, животната средина, управување и заштитата на животната средина, кои сакаат да ги споделат своите искуства со останатите и да обезбедат подршка за централните и локалните власти, особено во борбата со климатските промени и промовирање на енергетска ефикасност и обновливи извори на енергија.

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 година организацијата активно работеше и ги спроведе следните активности:

## 1. Проект „Заеднички за подобра животна средина во Општина Карпош“

Проектот е имплементиран од Центар за климатски промени во соработка со Општина Карпош и е субгрантиран во рамките на проектот „Здружени сили за заеднички интереси“ финансиран од Европската Унија во рамките на ИПА Програма за поддршка на граѓанско општество и медиуми 2014, имплементиран од страна на Координативен Одбор за Волонтерски Услуги (ЦОСВ), Италија, подружница Прилеп во партнерство со ЦГИ Прилеп и ЖГИ Антико Скопје.

Проектот се спроведува на територија на Општина Карпош. Целна група се жителите на Општина Карпош (60 000 жители). Времетраењето на проектот е 5 месеци поточно од март 2018 до август 2018 година. Вкупниот буџет на проектот е: 365.060,00 МКД

Општата цел на проектот е зголемено вклучување на граѓанското општество во процесот на партиципативна демократија на локално ниво.

**Во однос на специфичните цели на проектот дефинирани се две и тоа се:**

- Подобрена соработка на граѓанското општество и локалната самоуправа преку спроведување на заеднички акции и активности;
- Зголемен број на спроведени заеднички акции помеѓу граѓаните и општината со цел подобрување на квалитетот на животната средина, здравјето и безбедноста на граѓаните во Општина Карпош.

**Планираните активности се имплементирани во рамките на 5 главни компоненти и тоа:**

- 1. Спроведување на истражување за условите на животната средина и здравјето на граѓаните во Општина Карпош и утврдување на приоритетите во Општината
- 2. Формирање на заедничка работна група за решавање на заедничките проблеми од областа на животната средина
- 3. Спроведување на 3 заеднички активности за подобрување на условите на животната средина и здравјето на граѓаните
- 4. Спроведување кампања за подигнување јавна свест за здрава животна средина и безбедност во сообраќајот

**Очекуваните резултати од спроведувањето на проектот се:**

- Подобар квалитет на животната средина;
- Подобрена безбедност и подобар квалитет на животот и здравјето на луѓето;
- Зголемена и подобрена соработката меѓу граѓанското општество и Општината

**Реализирани активности во рамките на проектот:**

1. Изработена студија за моментална состојба со животната средина и безбедноста во сообраќајот во Општина Карпош
2. Организирана Вело Дружба во соработка со Општина Карпош и жителите на општината
3. Организирана е акција за безбедност во сообраќај во Општина Карпош
4. Поставена е вертикална градина во паркот спроти Веро 2 во Карпош
5. Организирани се 4 едукативни настани во соработка со ученици од 4 основни училишта во Карпош
6. Поставени се вело острови на 4 локации низ Општина Карпош

## 2. Проект: „Зголемување на иновативниот бизнис поврзан со море, животна средина и земјоделство и ИТ“– IBiSEAit

Во Мај 2018 година, Центар за климатски промени започна да го спроведува проектот „Зголемување на иновативниот бизнис поврзан со море, животна средина и земјоделство и ИТ“– IBiSEAit
Проектот се спроведува на територија на Р. Македонија (Југозападен и Југоисточен регион) и на територија на Р. Грција (Општина Солун и Општина Флорина).

Партенери на проектот:
Водечки партнер: Грчката асоцијација за ИТ, телекомуникациски апликации и нови технологии (Р. Грција)
Проектен партнер 2: Општина Термикос (Р. Грција)
Проектен партнер 3: Општина Лагадас (Р. Грција)
Проектен партнер 4: Управен и административен орган Технополис Тесалоники
Проектен партнер 5: Центар за климатски промени – Гевгелија
Проректен партнер 6: GS1 Македонија

Времетраење на проектот: 18 месеци (10.05.2018 – 09.11.2019)

Целта на проектот е зајакнување на претприемништвото во прекуграничната област помеѓу Р. Македонија и Р. Грција, преку формирање на инкубатори. Проектот има за цел формирање на нови индивидуалци, претпријатија од областа на морето, земјоделството и животната средина и зајакнување на постојните.

Новите претприемачи и веќе постоечките ќе имаат можност во рамките на инкубаторите да се стекнат со професионална обука преку менторство и консултации за претприемништво, што ќе им овозможи полесно да ги совладаат правните, административните и финансиските потешкотии од областа на претприемништвото.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следните активности:

- Изработка на веб страна за проектот

- Студија за истражување на алатките за финансирање на инкубаторот
- Формирање на мрежа помеѓу инкубаторите за поддршка на претприемништвото
- Организирање на конференции за промоција на мрежата на инкубаторите
- Подготовка на техничка документација и реновирање на постоечка инфраструктура за отворање на инкубатор
- Организирање на информативни и едукативни семинари за претприемачи
- Организирање на завршна конференција за постигнатите резултати од проектот

## 3. Проект: "Развивање и имплементација на здравствен индекс во прекуграничниот регион“

Центар за климатски промени, Гевгелија, во август 2018 година започна да го спроведувапроектот „ Развивање и имплементација на здравствен индекс за загадување на воздухот во прекуграничниот регион (TRAP)“.

Проектот е поддржан и ко-финансиран од ЕвропскатаУнија и Национални фондови на земјите учеснички во ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција – РепубликаМакедонија 2014-2020 “(CCI: 2014TC16I5CB009) и е со вкупен буџет од 969.331,00 €.

Проектот се спроведува на територија на Р. Македонија (Пелагониски и Југоисточен регион) и на територија на Р. Грција (Општина Солун и Општина Флорина).

**Партнери на проектот:**

Водечки партнер: Центар за животна средина на Западна Македонија (Р. Грција)

Проектен партнер 2: Општина Флорина (Р. Грција)

Проектен партнер 3: Европска регионална рамка за соработка (Р. Грција)

Проектен партнер 4: Центар за климатски промени – Гевгелија

Проектен партнер 5: Министерство за животна средина и просторно планирање

**Времетраење на проектот:** 24 месеци (03.08.2018 – 02.08.2020)

Целта на проектот е да го подобри управувањето и заштитата на прекуграничната област во Р. Македонија и Р. Грција преку воспоставување мрежи за следење на квалитетот на воздухот. Мерењата на сите станици во областите кои се вклучени во овој проект ќе создадат систем кој ќе ги прикажува мерењата во реално време преку интернет. Покрај тоа, ќе се пресметуваат и прикажуваат епидемиолошки индикатори и показатели за квалитетот на воздухот, врз основа на ефектите од загадувањето на воздухот врз здравјето на луѓето.

Стратешката цел на проектот TRAP е создавање на ICT апликација за интегрирање на мониторинг на квалитетот на воздухот со индикатор за здравјето на загадување на воздухот во прекуграничната област.

Специфичните цели на проектот се:

- Развивање и проценка на инвентар на емисии во областите на партнерите
- Проценка на здравствениот ризик поврзан со мерењата на квалитетот на воздухот
- Создавање на интегрирана ИКТ алатка вклучувајќи информации за квалитетот на воздухот во корелација со можните здравствени влијанија и обезбедување на механизам за итни случаи за креаторите на политиките и за извонредните групи.
- Да се проценат условите на прекуграничната соработка во врска со квалитетот на воздухот и загадување во областа
- Вклучување на релевантните чинители со цел да се информирате за креираната алатка и индексите на алатката
- Ширење и пренесување на резултатите од проектот на клучните засегнати страни, како и на пошироката јавност и ранливите групи.

Во рамките на проектот ќе се реализираат следните активности:

- Изработка на веб страна за проектот
- Подготовка на извештаи (Layman Reports)
- Идентификација на изворите на емисии
- Изработка на регионален инвентар на емисии во воздухот
- Изработка на планови за квалитет на амбиентен воздух
- Набавка на мониторинг станици за мерење на квалитет на амбиентален воздух
- Мониторирање и валидација на податоци од мерните станици и нивна анализа
- Проценка на основниот здравствен профил
- Проценка на здравствениот ризик и квалитетот на воздухот
- Изработка ИКТ алатка за квалитетот на воздухот и здравствените индикатори
- Изработка на индекс за јавно здравје на квалитетот на воздухот
- Подготовка на заеднички компаративни анализи за квалитетот на воздухот
- Работилници за обука за квалитет на воздухот и здравје